# ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ
# НА
# Ј А В Е Н П О В И К б р . 0 8 / 2 0 1 6
**за доставување на барања за исплата на средства од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2016 година**

Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој ги известува сите заинтересирани субјекти дека рокот за поднесување на барања за исплата на средства од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2016 година и тоа за мерка 121 Инвестициии во модернизација на земјоделски стопанства е дополнет со уште еден рок и тоа од 15 октомври до 31 октомври 2016 година.

Средствата се наменети за подигнати повеќегодишни лозови и овошни насади, повеќегодишни ароматични растенија и медоносна флора (фацелија, еводија и багрем) на нови површини, набавка на добиток во периодот од 01 јануари до 30 септември 2016 година.

Еден барател може да поднесе само едно барање за една мерка или најмногу две барања за користење на поддршка по различни мерки, освен за инвестиции за подигнати повеќегодишни лозови и овошни насади, повеќегодишни ароматични растенија и медоносна флора (фацелија, еводија и багрем) на нови површини, набавка на добиток во кои еден корисник може да поднесе најмногу две барања, а земајќи ги предвид и останатите мерки од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2016 година.

Останатите делови од јавниот повик објавен на 20.08.2016 година остануваат непроменети и неговата целосна содржина може да се најде на веб-адресата на Агенцијата:
www.ipardpa.gov.mk.

Измената на јавениот повик е во согласност со измената на Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2016 година ("Службен весник на Република Македонија" бр. 6/16, 64/16, 176/16 и 190/16).